## ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА ЕКСПЕРТ/КА И ОБУЧУВАЧ/КА

Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП во рамки на проектот: **„Затварање на родовиот јаз: Градење финансиска писменост кај девојчињата“** кој се спроведува со помош на ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување кој е поддржан од Британска амбасада Скопје во рамки на проектот „Заедно за родова еднаквост: Градење поддршка за родово инклузивни политики“. За целите на проектот Центарот за истражување и креирање политики – ЦИКП објавува повик за ангажирање на експерт/ка и обучувач/ка.

## ОПИС НА РАБОТНИ ЗАДАЧИ

### I. Позадина на проектот

С. Македонија се рангира на 28 место, односно има четврт најнизок резултат во доменот "пари" на Европскиот индекс за родова еднаквост. Најголем е јазот меѓу жените и мажите во однос на платата, вкупниот приход, ризикот од сиромаштија. Сето тоа е врзано со степенот на финансиска писменост. ***Во Македонија вкупната стапка на финансиска писменост е 34%, според глобалното истражување за финансиска писменост, што е пониско од просечната стапка во Европа и регионот на Централна Азија.***

Финансиската писменост не е дел од образовната програма иако е процес во кој се подобрува разбирањето во врска со финансиските производи и концепти преку кои младите стануваат посвесни за како да управуваат со финансиските ризици. Преку зголемување на финансиската писменост се намалува ранливоста на негативите ефекти од малку регулираниот пазар на брзи пари, пирамидални шеми и ризични инвестиции кои може да ги доведат до сиромаштија не само младите туку и нивните семејства.

Финансиската писменост ги зајакнува младите жени во управува со личните финансии, преговарањето за плата, управување и основување на сопствен бизнис. Знаењето стекнато од обуките воедно би овозможиле младите жена да стекнат поголема моќ на одлучување во домаќинството и во улогата на работното место (WEAI, 2019). Воедно овој проект ќе придонесе до унапредување на статусот и улогата на девојките и жените во зајакнување на нивното делување во донесување одлуки како и зајакнување на нивната улога во локалната заедница.

### II. Главна цел на проектот

Подобрување на услугите во образованието преку финансиската писменост на девојчињата и младите, оспособувајќи ги со вештини и самодоверба да донесуваат разумни финансиски одлуки, да управуваат со своите буџети а воедно и активно да учествуваат во донесувањето на одлуки во економијата а со тоа за се зајакне економското и социјалното влијание на жените во општеството.

Проектот има за цел да ја подобри финансиската писменост кај девојчињата и младите преку обезбедување на вештини и самодоверба за управување со финансии и донесување информирани одлуки, спроведување циклус од 6 обуки за финансиска писменост со користење на методологија на врсничко учење и тренинг за тренери (ToT) и поттикнување на економското и социјалното влијание на младите жени во општеството.

Како дел од проектот **„Затворање на родовиот јаз: Градење финансиска писменост кај девојчињата“**, предвидено е организирање на тренинг за тренери (ToT), каде обучувачот ќе ги обучи врсничките едукатори за работа со млади на темите опфатени во модулите за финансиска писменост.По завршувањето на тренингот, врсничките едукатори ќе бидат подготвени да обучуваат млади девојчиња, спроведувајќи модули од работилниците во четири општини: **Охрид, Струга, Тетово и Гостивар.**

## III. ДОЛЖНОСТИ НА ЕКСПЕРТОТ/КАТА

- Во рамки на проектот „Затварање на родовиот јаз: Градење финансиска писменост кај девојчињата“ потребно ќе биде експертот/експертката да развие 6 модули за финансиска писменост и да ги адаптира модулите во едукативни работилници за млади.

  Модул 1: Разбирање на основните финансиски концепти;
  Модул 2: Ефективно управување со приходите и трошоците;
  Модул 3: Градење на култура на заштеда;
  Модул 4: Истражување на основите на кредитот;
  Модул 5: Планирање на идните финансиски цели;
  Модул 6: Разбирање на ризикот и заштитата;

- Да изработи на детален план за тренингот за тренери (ToT).
- Да реализира интерактивна менторска програма за млади врснички едукатори.
- Да подготвни и достави извештај за спроведената обука.

## IV. КОМПЕТЕНЦИИ НА ЕКПСПЕРТОТ/КАТА

- Завршено високо образование (пожелни се магистерски и/или докторски студии) во областа на родовите студии или други релевантни области (економија, финансии, бизнис администрација итн);
- Одлични аналитички вештини и способности;
- 5 години работно искуство во дирекна работа со млади;
- да има претходно искуство во развој на едукативни програми;
- да е сертифициран обучувач/ка;
- 5 години работно искуство во полето на родовата еднаквост;
- Добро развиени интерперсонални и вештини за работа во тим;

## V. ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

Испратете CV (биографија на апликантот) и финансиска понуда по работен ден по електронска пошта на **zmijanac@crpm.org.mk** и на crpm@crpm.org.mk со назнака „Апликација за експерт/ка и обучувач/ка“ најдоцна до 17:00ч 27.12.2024 година.

Согласно Законот за заштита на лични податоци Ве молиме во текстот на е-поштата да наведете дали прифаќате Вашите податоци да се чуваат во збирката за идни ангажмани во Центарот за

истражување и креирање политики – ЦИКП Скопје или сакате Вашите лични податоци да бидат уништени поистекот наактивниот оглас.

Апликациите кои не ги исполнуваат условите од аспект на поседување на соодветно образование, работно искуствонемада бидат земени предвид.

ЦИКП е средина која нуди еднакви можности. Лицата од ранливи групи и жени се особено охрабрени да аплицираат.